# Навистина ќе го видите вашиот Господ како што ја гледате оваа Месечина и нема да ви претставува мака да Го видите

Џерир ибн Абдулах, радијаллаху анху, вели: „Бевме кај Веровесникот, алејхи селам, и тој погледна во Месечината, а беше ноќ со полна месечина, па рече: ,Навистина ќе го видите вашиот Господ како што ја гледате оваа Месечина и нема да ви претставува мака да Го видите, па ако можете да не ја пропуштите молитвата пред изгрејсонце (сабах) и пред зајдисонце (икиндија), направете го тоа,' потоа го цитирал ајетот: ,...и величај Го Господарот свој и заблагодарувај Му се пред Сонцето да излезе и пред да зајде.'" (Каф: 39)

[صحيح] [متفق عليه]

Една ноќ – четиринаесеттата ноќ од лунарниот месец – асхабите кои биле во друштво на Аллаховиот пратеник, алејхи селам, го слушнале како вели: „Муслиманите несомнено ќе го гледаат нивниот Господар, вистински, со голо око, нема да се туркаат нема да се изморат ниту ќе им биде тешко додека го гледаат Аллах Возвишениот." Потоа Аллаховиот пратеник, алејхи селам, рече: ,Ако можете да им се спротивставите на причините кои ве одвраќаат од сабах и икиндија намазот, направете го тоа, и клањајте ги на пропишан начин, во нивните времиња, во џемат. Навистина, тоа ќе биде причина да го гледате лицето на Аллах, Возвишениот.' Потоа Аллаховиот пратеник, алејхи селам, го цитирал ајетот: ,...и величај Го Господарот свој и заблагодарувај Му се пред Сонцето да излезе и пред да зајде.'



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee